U.S. Embassy Skopje

ЕВРОТИНК
ЦЕНТАР ЗА
ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ

CENTER FOR
EUROPEAN STRATEGIES
EUROTHINK
eurothink.mk

# ЛОКАЛНИ СОВЕТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ЗА ЗАСИЛЕНА ЛОКАЛНА СОРАБОТКА

## НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**Издавач:**
**ЕВРОТИНК - Центар за европски стратегии - Скопје**

**Уредник:**
Димитар Николовски, Извршен директор

**Автори:**
Александар Стојановски, Фросина Крушкаровска, Димитар Николовски

**Графичко уредување:**
Сашка Дескоска

**Лектура:**
Бобан Карапејовски

**Октомври, 2023 година.**

*Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/ авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД.*

# СОДРЖИНА


04

РАМКА НА НАСТАНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ СОВЕТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ВО РС МАКЕДОНИЈА

06

ЗНАЧЕЊЕТО НА ЛОКАЛНИТЕ СОВЕТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

07

ЗА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ

10

НАОДИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

16

МАТРИЦА СО ИНДИКАТОРИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТАТА НА ЛОКАЛНИТЕ СОВЕТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

18

ЗАКЛУЧОК

19

Референци

# РАМКА НА НАСТАНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ СОВЕТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ВО РС МАКЕДОНИЈА

По воениот конфликт во 2001 година во Северна Македонија, во рамките на програмата за полициско работење и на Одделот за полициски развој при Мисијата на ОБСЕ во Скопје, беше истакната потребата за формирање локални совети за превенција (ЛСП). Нивната цел е активно вклучување на релевантните чинители во процесот на справување со предизвиците и со проблемите со кои се соочуваат граѓаните во своите локални заедници за да се овозможи поквалитетен начин на живот.

Локалните совети за превенција почнаа да се формираат од 2002 година низ повеќето општини во државата. Идејата зад овие локални совети е тие да претставуваат тела за заедничко дејствување на засегнатите страни и на релевантните чинители во областа на јавната безбедност на локално ниво за ефикасно спроведување на активности, со цел решавање на локалните проблеми и предизвици, како и алатка за поттикнување имплементација на концептот „полиција во заедницата“.

Основата за нивното формирање се содржи во Законот за локалната самоуправа и во Законот за полицијата. Најпрво, значајно е да се истакне дека во практиката ЛСП не се регулирани во националното законодавство. Во членот 25 од Законот за локалната самоуправа не е предвидена законска обврска за задолжително формирање на локалните совети за превенција, но се препознава значењето на граѓаните во одлучувањето за прашањата што се од локално значење. Затоа, и покрај отсуството на законска обврска за формирање ЛСП, несомнено е значењето локалните самоуправи нив да ги препознаат како суштинска алатка за развивање инклузивен пристап во градењето безбедна средина за живеење[1]. Понатаму, во членот 11 од Законот за полицијата[2] предвидена е соработка на полицијата со граѓаните, со државните органи и со здруженијата на граѓани. За да се оствари соработка и да се овозможи зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата(ставовите 1 и 2 на овој член), може да се формираат советодавни и координативни тела (совети и комисии), со цел да се изградат заеднички препораки и да се воспостават партнерски односи меѓу граѓаните и полицијата за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на одредена општина и за успешно превенирање на појавите што директно влијаат врз безбедноста на граѓаните и на заедницата.

Евротинк во периодот декември 2021 – јануари 2022 спроведе истражување[3] за застапеноста на ЛСП во општините во РС Македонија преку барања за пристап до информации адресирани до општините. Резултатите покажаа дека 31 општина има формирани и функционални ЛСП, 18 општини имале формирани, но неактивни ЛСП, 16 општини немале формирано ЛСП, а една општина била во процес на формирање ЛСП. Понатаму, 12 општини не одговориле на барањето за пристап до информации, а 3 општини не прифатиле барање за пристап до информации за функционирањето на ЛСП.

Во однос на запознаеноста на јавноста со концептот на ЛСП, истражување на јавното мислење на национално ниво публикувано од Евротинк, а спроведено во декември 2022 година[4] покажа дека 10 % од сите испитаници се запознаени со улогата и со работата на ЛСП во својата општина, што е пораст за 5 процентни поени во однос на 2021 година. Притоа, помладите испитаници и оние со повисоко образование во повисок процент се запознаени со улогата и со работата на ЛСП.

# ЗНАЧЕЊЕТО НА ЛОКАЛНИТЕ СОВЕТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

Локалниот совет за превенција претставува тело за заедничко дејствување на засегнатите страни и на релевантните чинители во областа на јавната безбедност на локално ниво, како и успешна имплементација на концептот „полиција во заедницата". Тој ги вмрежува сите клучни субјекти во една општина што можат да влијаат на квалитетот на живеење на граѓаните, овозможувајќи разгледување на безбедносните и на други локални проблеми низ мултидисциплинарна призма, засновани на многубројни меѓусебно поврзани причини и подложни на различни практики на интервенции.

Од позиција на локалната самоуправа, локалните совети се алатка што треба да ги собере на заедничка маса сите институции и засегнати страни што имаат удел во општествено-административните процеси и постапки, а кои се случуваат во локалните средини каде што имаат надлежност. Од полициска перспектива, ЛСП треба да ги вмрежат сите клучни субјекти што ќе ѝ „помогнат" на полицијата за извршување на нејзината превентивна дејност, односно ќе ѝ помогнат на полицијата да биде проактивна во решавањето на безбедносните проблеми на граѓаните и во одржувањето на јавниот ред и мир. При решавањето на проблемите ЛСП треба да ги земе предвид различните потреби во заедницата, особено оние поврзани со маргинализираните и со недоволно претставените општествени групи.

# ЗА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ

## Повик за избор на општини за вклучување во проектот

Проектот **„Локални совети за превенција за засилена локална соработка“** се имплементираше во периодот од 1 септември 2022 г. 30 септември 2023 г. Проектните активности, надоврзувајќи се на резултатите од погореспоменатите истражувања, беа засновани на соработката со три избрани општини чии активности на ЛСП се мониторираа и се анализираа, на кои потоа им беше обезбедена експертска поддршка и насока за подобрување на нивната работа. На 11 ноември 2022 г. беше објавен отворен повик за пријавување на заинтересирани општини на кој пристигнаа 34 пријави.

Профилот на општините што ги избравме за имплементација на проектните активности се состоеше од неколку карактеристики. Прво, потребни беа општини со различни нивоа на функционирање на ЛСП:

- општина што има активен и функционален ЛСП;
- општина што има формиран, но неактивен ЛСП (дефиницијата за формиран, но неактивен ЛСП беше дека немало активности во последните 6 месеци или повеќе);
- општина што нема формирано ЛСП.

Понатаму, важни ни беа и следните карактеристики:

- географската позиција на општината (обид да се изберат општини од различни статистички региони на државата);
- демографско-етничката структура на општината (обид да се изберат поголеми и помали општини со различна етничка структура)

Како резултат на тоа, трите избрани општини беа: Општина Гостивар, Општина Кисела Вода и Општина Струмица. Со нив беа потпишани меморандуми за соработка врз основа на кои се продолжи со имплементација на проектните активности.

## Истражување на јавното мислење во трите општини

Во рамки на проектните активности беше предвидено спроведување истражување на јавното мислење на локалните граѓани во трите општини во врска со нивните ставови и перцепции за локалната безбедност. Истражувањето беше во форма на телефонска анкета на репрезентативен примерок на испитаници од територијата на трите општини. Истражувачките прашања беа дизајнирани во соработка со локалните општински претставници и ги покриваа следните тематски области:

- ставови поврзани со перцепцијата/чувството на безбедност;
- ставови за проблемите во општината;
- евалуација на ризиците за безбедноста;
- ставови за достапноста и за ефикасноста на итните служби во Општината;
- ставови за клучните приоритети во општината;
- ставови за полицијата во Општината;
- очекувања од Општината.

Резултатите од истражувањето имаа цел да обезбедат квалитетни и веродостојни информации за мислењето на локалната јавност и за безбедносните состојби во Општината, и со тоа да претставуваат основа за понатамошното проблемско мапирање и планирањето на работата на ЛСП.

## Мониторинг на седниците на ЛСП во Гостивар, во Кисела Вода и во Струмица

Проектниот тим присуствуваше на сите одржани седници на локалните совети за превенција во трите општини во периодот на имплементација на проектот и остваруваше редовни контакти со раководните членови на ЛСП, со цел собирање информации и поттикнување и насочување во работата.

## Општина Струмица

ЛСП на Општина Струмица е основан во 2008 година. Во времетраењето на проектот беа одржани три седници на овој совет – во февруари, во април и во август 2022 година. Темите што се разгледуваа на овие средби беа: бесправната сеча и трговија на дрва на подрачјето на Општина Струмица, труењето на локалните кучиња, дрвосечачките машини и нивното присуство на патиштата во Општината, питачењето од страна на малолетници на улиците во градот и теми од областа на образованието. Општина Струмица неодамна стана членка на Мрежата на силни градови (Strong Cities Network: https://strongcitiesnetwork.org/) – независна глобална мрежа градови, посветена на адресирање проблеми на омраза, екстремизам и поларизација на локално ниво.[5]

## Општина Кисела Вода

Општина Кисела Вода го основала својот совет во 2022 година (неколку месеци пред имплементацијата на проектните активности) и тој сè уште се наоѓаше во својата рана фаза на развој. Во времетраењето на проектните активности беа одржани три средби на ЛСП. Првата средба беше основачка, а втората беше посветена на врсничкото насилство во училиштата. На третата средба се разговараше за воспоставување соработка со Општина Студеничани и подобрување на превенцијата во повеќе области од заеднички интерес во двете општини.[6]

## Општина Гостивар

Во Гостивар првата седница на ЛСП се одржа во рамките на времетраењето на проектните активности, а проектниот тим беше присутен и ја следеше работата на основачката средба. На првиот Локален совет за превенција се дискутираше за предизвиците и за проблемите со кои се соочува Општината во летниот период при повратот на иселениците во своите родни краишта. Беше направен план за справување со сообраќајниот метеж и се дискутираше за другите проблеми чие решавање е од интерес на Општината и на граѓаните на Гостивар. Општина Гостивар е членка на Мрежата на силни градови.[7]

# НАОДИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

Преку преземените проектни активности и преку комуникацијата со општинските претставници, проектниот тим идентификуваше повеќе слабости во функционирањето на локалните совети и во нивната структурна поставеност. Тие може да се идентификуваат во неколку грубо дефинирани категории:

- недостиг на ресурси за работа;
- недостиг на стандардизирани внатрешни механизми за работа;
- потреба од засилување на меѓуинституционалната соработка;
- недоволна видливост на работата и на резултатите постигнати од страна на ЛСП, како и недоволно познавање на улогата на ЛСП во локалната јавност.

Врз основа на овие увиди, формулиравме пакет „Научени лекции“, во кои се обидуваме да понудиме идеи и да дадеме насоки за надминување на идентификуваните вообичаени слабости на ЛСП.

## Издвојување буџетски средства

Една од поважните причини за невтемелувањето на работата на локалните совети за превенција е отсуството на финансиска поддршка од општината, што значително би ги зголемило квалитетот на нивната работа и мотивацијата за ангажман на членовите на советот. Предвидувањето буџетски ставки наменети за работата на ЛСП, воедно, би помогнало и ова тело подобро да се вклопи во поголемата структура на општината и би обезбедило подобра координација на активностите меѓу ЛСП и општината.

Според нашите сознанија, во моментов ниту еден ЛСП во РС Македонија нема обезбедено финансиски средства од општината. Буџетските ставки би покриле надомест за организацискиот тим и хонорари за постојаните и за привремените членови на ЛСП, а ЛСП треба да бара од општината финансирање на проектите и на активностите за кои се одлучува во него.

Важно е ЛСП да учествува во изработката на нацрт-буџетот за следната година и да дава предлози во буџетската расправа за конкретни проекти за превенција и за безбедност. Ако во стратегиските планови општината не ги опфатила проектите што ги пресликуваат сегментите на безбедност во заедницата, тогаш за членовите на ЛСП е обврска да бараат од општината нивно опфаќање во краткорочните и во долгорочните буџетски проекти и стратегии, односно акциски планови усвоени од страна на општината. На крајот, препорачливо е ЛСП да има право да бара и надворешно финансирање за своите проекти.

## Водење на ЛСП
### (Улогите на градоначалникот на општината и на координаторот на ЛСП)

При мониторингот на седниците на ЛСП се истакна еден клучен фактор за успешно функционирање и за обединување на разните присутни страни – присуството и активноста на градоначалникот. Тоа ја покажува важноста на постоењето на обединувачка фигура на авторитет, чиј интерес и ангажман ќе ги мотивира и ќе ги фокусира присутните страни сериозно да го сфатат разгледувањето на дадените теми. Градоначалникот ја привлекува и довербата на засегнатите страни дека одлученото навистина ќе биде спроведено и дека нивниот глас и вложените напори нема да бидат бесполезни и игнорирани. Во реалноста, општините се силно централизирани организации, каде што сите иницијативи, проекти и преземени активности се засновани на експлицитното истакнување од страна на градоначалникот. Затоа, неговото застапување за решавање на локалните безбедносни прашања е од големо значење. Дополнително, оваа улога ќе му обезбеди на градоначалникот вредни информации и увиди за прашањата што им се важни на граѓаните, за функционирањето на заедницата од најниските нивоа, па нагоре, за системските актери што ја сочинуваат таа заедница и нивните меѓусебни релации. Сепак, клучно е да се истакне дека ваквата неопходност и видливост на фигурата на градоначалникот не значи дека е тој елементот „на врвот од пирамидата ЛСП" и оној што треба да ги донесува решенијата и да ги влече конците, туку дека е тој само една од алките што го комплетира синџирот на врзани и потентни институции. Тој треба благо да го поттурнува механизмот на ЛСП, кој функционира преку воспоставените процедури и техники. Дополнително, неговото присуство придонесува кон структурниот континуитет на механизмот.

Освен градоначалникот, како водечка фигура на ЛСП, втората важна улога му припаѓа на координаторот на локалниот совет, кој е, заправо, оној што го врши најголемото „тешко подигање“ во работата на ЛСП. Тој го концептуализира и во практична смисла го организира настанот: донесување и координирање на претставниците на засегнатите страни, овозможување плодна и рамноправна дискусија, обезбедување кохезија и соработка меѓу засегнатите страни, оформување тематски групи за дискусија, иницирање техники за анализа и одлучување, навременост во одвивањето на фазите на планирање, на одлучување и на спроведување. Во искуствата од соседните земји се покажало дека советите што имаат координатор подобро и поуспешно ги организираат своите активности. Издвоениот хонорар за координаторот може да му овозможи да се занимава со оваа област на дневно ниво и во континуитет, и да ги продлабочува локалните, националните и меѓународните контакти.[8]

Првата забележана слабост во улогата на координаторот е тоа што најчесто не му е ставена на располагање помошна структура од соработници на кои може да им делегира дел од обемот на работата. Организирањето средби на ЛСП повлекува со себе вложување време во организациска работа и човекови односи, а бидејќи координаторот е истовремено ангажиран и на други работни места во општината, тој има тешкотија во целост да се посвети. Препорачливо е во буџетот на општината да бидат распределени средства што ќе овозможат ангажман на уште две помошни лица.

Втората честа слабост е неговата необученост и неискуство во улогата на модератор на дискусија, поради што дискусиите се развиваат стихијно и неконтролирано се разгрануваат честопати во неповрзани правци. Ваквите разни линии на развој на дискусијата модераторот не успева да ги обедини и целно да ги фокусира за да резултираат во употребливи увиди и практични предлози за прогресирање во анализата и во решавање на проблемот.

Мора да се спомене дека неретко координаторот на ЛСП е лицето што е одговорно и за водењето на седниците на ЛСП. Многу често отсуството на фигура со повисок авторитет, како што е градоначалникот на општината или претседателот на општинскиот совет, во комбинација со отсуството на деловник за работа на ЛСП, резултира со губење на моментумот или на силата да се адресираат одредени прашања и проблеми што се предмет на дискусија на седниците на ЛСП.

Координаторот како најупатен во техничките механизми на функционирањето на ЛСП треба да се стреми да го води процесот и, притоа, да се обиде да даде еднаков глас на сите присутни страни и институции, а воедно, да ги насочи нивните капацитети и надлежности за решавање на прашањата. Присуството на некој од челните лица во општината би го комплементирало овој процес и би довело до зголемување на веројатноста некој проблем или предизвик да биде навремено адресиран од страна на релевантните институции.

## Формирање тематски работни групи

Освен заедничкиот совет, во кој членуваат постојаните членови на ЛСП, мошне ефективна практика е формирањето тематски/проблемски работни групи. Овие групи се формираат кога пред советот лежат еден или повеќе поединечни проблем што бараат одредено ниво на искуство и експертиза, и кои треба да се разгледуваат подлабински. Тематските работни групи се составени од претставници на различни организациски единици на полицијата, на локалната власт и на други засегнати актери во заедницата, со задача да ги дефинираат безбедносните проблеми во конкретната област од интерес на локалната заедница и да предлагаат акциски планови за превентивно и репресивно дејствување, кои јасно го дефинираат пристапот кон дадениот проблем.

Не секој Локален совет за превенција во секоја општина треба да се дели на истите работни групи. Во различни општини тематските/проблемските работни групи на Локалниот совет за превенција зависат од карактеристиките на општината, но и од дневниот ред утврден за седницата на ЛСП. Практиката на формирање тематски работни групи за одредени прашања особено ја потенцира предноста на ЛСП, која се состои од насочено работење на стручњаци во дадена област. Овие работни групи остваруваат средби надвор од редовните предвидени седници на ЛСП.

## Интер- и интраинституционална соработка

Безбедната локална заедница подразбира координираност и проактивност на различните општествени субјекти, со цел суштинско адресирање на комплексната природа на локалните проблеми што ги разгледуваат. Развојот на партнерствата што ќе се одликуваат со долгорочност, доверба, креативност, транспарентност, одговорност и совесност во работата, суштински влијае на ефективноста и на волјата на актерите во заедницата, и поттикнува демократско работење и развој на демократски идеали и принципи. Притоа, тука се клучни комуникацискиот пристап, т. е. размената на информации и искуства во полза на превентивно пристапување кон проблемите; подготвеноста за распределување ресурси за справување со проблемите во рамките на заеднички донесените одлуки, со цел синтеза на интерактивен пристап на засегнатите страни; надминување на партиските и на личните несогласувања во полза на успешна работа на ЛСП за подобрување на квалитетот на живот во заедницата. За жал, квалитетот на меѓуинституционалната соработка многу зависи од личните односи меѓу претставниците на локалните власти и институциите, односно од тековната политичка ситуација во општината или во градот.

За да се обезбедат одржливи релации, корисно е да се воспостават структури и механизми што ќе осигурат респонзивност и одговорност на вклучените страни. Меморандумот за соработка е честопати првиот чекор кон соработка меѓу општините и институциите, како необврзно декларирање на желбата и подготвеноста за соработка и основа за понатамошно надградување и еволуција на релацијата. Меморандумот препорачливо е да опфати дефинирање на практиките за соработка, како: размена на информации, заедничко преземање активности, доделување релевантни човечки ресурси, дефинирање механизми на повратна спрега итн. Други форми на соработка со институциите се учество во формулацијата на локални стратегии и стратегиски документи, создавање кластери и контакт-организации за спроведување поединечни стратегии и договарање услуги. [9]

Најефективниот механизам за остварување меѓуинституционална соработка е, секако, предвидувањето законска обврска за функционирањето на ЛСП со механизми за активен ангажман на сите засегнати страни, кој би бил најлесно и најбрзо регулиран и етаблиран преку интервенција во Законот за локална самоуправа.

## Развој на деловник за работа

Изборот на членовите и нивното среќавање не се доволни за обезбедување ефикасна работа на ЛСП, доколку не постои стандардизирана процедура за работа на ова тело. Дел од областите што треба да ги дефинира деловникот се: целта на работата на ЛСП; начините на комуникација меѓу членовите на ЛСП, како и со јавноста; форматот и моделите на донесување одлуки; начинот на избор на членовите и на организацискиот тим; улогите на општината и на другите засегнати страни; механизми за транспарентност и отчетност на ЛСП.

Освен тоа, ЛСП треба да работи и на други документи што се креирани од страна на единиците на локалната самоуправа, какви што се: разните видови тематски стратегии и планови за работа, комуникациската стратегија, годишниот буџет на општината, итн.

## Видливост и комуникација

Информирањето на граѓаните е предуслов за остварување на другите облици на учество на јавноста во работата на ЛСП. Целта на комуникацијата со јавноста е подигање на свеста и на поддршката за работата на ЛСП и активно придонесување на јавноста во неговата работа. Притоа, важно е да се дефинираат: типот на информации што ќе се пренесуваат, таргет-групата, начинот/формата на пренесување на информациите, како и мерење на влијанието на објавените информации. Не треба да се запостави и редовната и проактивна комуникација со институциите што се засегнати страни во работата на ЛСП, со конкретно дефинирање на механизмите за комуникација и за информирање.

Многу е важна можноста за увид на јавноста во темите што ги разгледува ЛСП и донесените одлуки. Навремено треба да се известува за планираните средби на ЛСП, составот на членовите и темите за кои ќе се дискутира, како и известувања до јавноста за текот на дискусиите, разменетите мислења и донесените одлуки. Ваквите информации треба да се објавуваат преку каналите на општината, каналите на претставените институции во составот на ЛСП и преку локалните медиуми.

Освен информирањето, кое е еднонасочен механизам за комуникација со јавноста, ЛСП може да користи и механизми на повисоко ниво на вклучување на граѓаните и на другите локални актери во својата работа. Дијалогот со граѓаните може да се оствари преку прес-конференции, панели за дискусија, јавни расправи, состаноци итн. Консултациите се облик на учество во кои ЛСП во врска со конкретни прашања бара повратна информација, мислење, коментар, совет или слично од заедницата. Партнерството е највисоката форма на учество на локалните актери во процесите на донесување одлуки и подразбира нивно учество во сите фази од процесот на одлучување.

## МАТРИЦА СО ИНДИКАТОРИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТАТА НА ЛОКАЛНИТЕ СОВЕТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

Во последните фази од проектот беше изработена матрица со индикатори за работата на локалните совети за превенција, која треба да служи како патоказ и алатка за самоевалуација на ЛСП. Индикаторите беа развиени врз основа на увидите од мониторингот и анализата на седниците на ЛСП, како и низ разговорите со членовите на ЛСП.

Индикаторите се поделени во три групи:

- функционалност – се однесува на аспекти од начинот на работа на ЛСП;
- видливост и вклучување на заедницата – се однесува на односот на ЛСП со јавноста;
- ефективност – индикатори за мерење на резултатите од работата на ЛСП.

| ИНДИКАТОРИ ЗА ФУНКЦИОНАЛНОСТ, ВИДЛИВОСТ И ЕФИКАСНОСТ ВО РАБОТАТА НА ЛСП | |
|---|---|
| | **ФУНКЦИОНАЛНОСТ** |
| 1 | ЛСП одржува редовни седници најмалку еднаш на два месеци |
| 2 | Назначен административно-координативен тим на ЛСП со одлука на градоначалникот |
| 3 | Присуство на градоначалникот на седниците на ЛСП |
| 4 | Присуство на општински советници на седниците на ЛСП |
| 5 | Присуство на претставници од подрачното СВР на седниците на ЛСП |
| 6 | Се формираат тематски работни групи за разгледување и справување со одделни теми и проблеми идентификувани од страна на ЛСП |
| 7 | Буџетирани средства во општинскиот буџет што се наменети за функционирањето на ЛСП |
| 8 | ЛСП поднесува извештај до општинскиот совет во врска со спроведување на седници и постигнатите резултати |
| | **ВИДЛИВОСТ И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА** |
| 9 | На веб-страницата и на социјалните мрежи на Општината редовно се објавуваат најави за седниците на ЛСП, како и информации за улогата и за надлежноста на ЛСП |
| 10 | Постои механизам за граѓаните да предлагаат теми за разгледување на ЛСП |
| 11 | На веб-страницата и на социјалните мрежи на Општината редовно се објавуваат извештаи/записници од седниците на ЛСП |
| 12 | Локалните медиуми ја следат работата на ЛСП |
| | **ЕФЕКТИВНОСТ** |
| 13 | Број на дејства преземени по заклучок на ЛСП |
| 14 | Периодична евалуација на спроведени активности по заклучок на ЛСП |
| 15 | Квалитет на услугата: степен до кој преземените активности ги задоволуваат потребите и очекувањата на локалното население |
| 16 | Промени во локалните политики/процедури како резултат на дејства на ЛСП |
| 17 | Подобрување на локалната безбедност како резултат на дејства на ЛСП |
| 18 | Има механизам за следење/фидбек/повратна информација од членовите на ЛСП за активностите за кои била донесена одлука дека ќе се реализираат |
| 19 | Покриеност: процент од таргетираното население што било засегнато со преземените активности донесени по одлука на ЛСП |
| 20 | Учество: процент од таргетираното население што зело учество во активностите на ЛСП |
| 21 | ЛСП се ангажира околу решавање долгорочни, комплексни проблеми, преку дефинирање стратегии и политики |

# ЗАКЛУЧОК

Локалните совети за превенција (ЛСП) претставуваат клучна алатка во синџирот механизми за ефективно менаџирање со локалните комунални, безбедносни и други дневни проблеми и предизвици, но и алатка за ефективно демократско полициско работење. Неговите клучни одлики се фокусот на превентивни активности и заснованоста на мултиперспективен пристап со вклучување на сите локални актери. Успешно воспоставениот систем на ЛСП поседува голем потенцијал за зголемување на довербата на граѓаните во локалната власт и во полицијата.

И покрај долгогодишните заложби за воспоставување ЛСП во општините, концептот сѐ уште е на маргините на активностите на локалните власти и интересот за неговата разработка е низок. Автор(к)ите на оваа публикација главната кочница во имплементирањето на ЛСП ја гледаат во отсуството на овозможувачка структура за воспоставување на ЛСП во сите општини и неговата поставеност на доброволна основа. Оттаму, формирањето и активното функционирање на ЛСП е неопходно да се регулира во националното законодавство како обврска, наместо само како можност за локалните власти, со механизми за активен ангажман на сите засегнати страни. Ова би било најлесно и најбрзо регулирано и етаблирано преку интервенција во Законот за локална самоуправа. Овој процес треба да започне со директни постапки и преземени чекори од страна на сите засегнати општествени актери, со цел подигнување на нивото на меѓусебната соработка, која треба да биде насочена кон решавање на локалните безбедносни предизвици и други проблеми и прашања.

# РЕФЕРЕНЦИ

[1] Локален совет за превенција, Скопје, 2018, стр. 8 https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Local-Prevention-Council-Final%20(1).pdf

[2] Закон за полиција, Скопје, 2015 стр.4, https://www.mvr.gov.mk/Upload/Documents/Zakon%20za%20policija,%20precisten%20tekst%2015.04.2015%20.pdf

[3] Стојановски, А. Ангелевска, К. Николовски, Д. „Инклузивност во носење на одлуки во работата на полицијата во Република Северна Македонија", Евротинк-Центар за европски стратегии, 2023, https://shorturl.at/eqy69

[4] Стојановски, А. Николовски, Д. „Перцепции и ставови на граѓаните за работата на полицијата", Евротинк- Центар за европски стратегии, 2022, http://eurothink.mk/wp-content/uploads/2023/07/Percecii-i-stavovi-na-graganite-za-rabotata-na-policijata-2022.pdf

[5] Објави на веб-страницата на Општина Струмица за седниците на ЛСП:

- https://shorturl.at/bFGQ9
- https://shorturl.at/oOQT9
- https://shorturl.at/byMV8

[6] Објави на веб-страницата на Општина Кисела вода за седниците на ЛСП:

- https://www.kiselavoda.gov.mk/index.php/naslovna/novosti/3458-2022-10-26-12-19-44
- https://www.kiselavoda.gov.mk/index.php/naslovna/novosti/3585-2023-04-07-11-42-22

[7] Објави на веб-страницата на Општина Гостивар за седниците на ЛСП:

- https://t.ly/imq4P
- https://t.ly/Y1kJb

[8] Bjelos, M., Brozovic, Z., Djordjevic, S., Priručnik za rad lokalnih saveta za bezbednost, beogradski centar za bezbednosnu politiku.

[9] Bjalos, M. и др. "Prirucnik za rad lokalnih saveta za bezbenost", Centar za podršku ženama iz Kikinde, 2011

*Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД.*

U.S. Embassy Skopje

ЕВРОТИНК
ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES
EUROTHINK
eurothink.mk